Бр./Nr 12-659/4
26-07-2024
r./v.

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 8-ма седница одржана на 24.07.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапувањето по пријавата со број 12-659/1 од 08.02.2024 година, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-659/1 од 08.02.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-659/1 од 08.02.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од непознат подносител. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на сомнежи за незаконско именување службени лица /// и /// за вд директори на ///. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Кон пријавата не се доставени прилози.

По увидот во содржината на пријавата, ДКСК побара испитување на наводите од пријавата од страна на Државен просветен инспекторат на РСМ и од увидот во доставеното од негова страна, произлезе дека предметот нема елементи за натамошно постапување. Имено, во Записникот за извршен вонреден инспекциски надзор во /// заведен под /// од /// година, констатирано е дека

службеното лице /// на /// година со изјава се откажал од вд директор на горе посоченото ООУ, по што градоначалникот на /// донел Решение заведено под арх. бр. /// од /// со кое ова службено лице било разрешено од функцијата. Истиот ден, градоначалникот на /// донел Решение заведено под арх. бр. /// од /// година, со кое за вд директор било именувано службеното лице ///, која на /// година, исто така со изјава се откажала од функцијата, по што на /// година, градоначалникот на /// донел Решение заведено под арх. бр. /// од /// година за нејзино разрешување. Истиот ден градоначалникот на /// донел Решение заведено под арх. бр. /// од /// година, за именување на службеното лице /// за вд директор на горе означеното ООУ, за период од /// месеци.

Од увидот во персоналните досиеја, Државниот просветен инспекторат на РСМ констатирал дека ниту едно лице од редот на вработените во горе означеното ООУ не исполнувало услови за вршење на директорската функција (немање сертификати за положен директорски испит и немање сертификати за познавање на странски јазик), при што констатирано е дека градоначалникот на /// немал на располагање ниту еден кандидат од редот на вработените кои ги исполнувале сите услови за да бидат именувани за директор на горе посоченото ООУ. Следствено, градоначалникот на /// донел Одлука за распишување на јавен оглас за избор на директор во горе посоченото ООУ бр. /// од /// година.

На вака утврдените состојби ДКСК констатира дека изнесените наводи во пријавата не се потврдени, по што оцени дека нема елемени за натамошно постапување за предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изработил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С. Д., член

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk